РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE E DEMOGRAFISË DHE E TË RINJVE - SHKUP
Бр. / Nr. 02-2959/7
11-05-2026 20 год.

"МАКПЕТРОЛ"
Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати
Бр. 0307-23291/1
12 MAY 2026 20 год.
СКОПЈЕ 1

# ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА

**Набавка на гориво за возила со безготовинско плаќање на бензински пумпи**
**за потребите на Министерство за социјална политика, демографија и млади и единките корисници финансирани преку Буџетот на Министерството**

Склучен на ден ___.___.2026 година

## I ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **Министерство за социјална политика, демографија и млади** со седиштето на ул.„Даме Груев", бр.14 Скопје, претставувано од Министер Fatmir Limani, во понатамошниот текст: Договорен орган, и

2. **МАКПЕТРОЛ Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати Скопје**, со ЕМБС 4057643, Даночен број 4030954258093, со седиште на ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.4 Скопје, претставувано од Директорот на дирекцијата за големопродажба, Зоран Доневски, во понатамошниот текст: Носител на набавката.

## II ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски помеѓу Договорниот орган и Носителот на набавката, согласно спроведената постапка за јавна набавка како отворена постапка за набавка на стоки во согласност со позитивните законски прописи поврзани со предметот на набавката (Законот за јавни набавки, Законот за облигациони односи, Одлуката за дефинирање на цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата донесена од Регулаторната комисија за енергетика на РСМ која е на сила на денот на испораката, Правилникот за квалитет на течни горива и важечките подзаконски акти, како и материјалните прописи кои се во сила во моментот на склучување на овој Договор.

**Член 2**

Договорните страни го склучуваат овој договор врз основа на Одлука за јавна набавка со архивски број 02-2959/1 од 27.03.2026 година, Одлука за избор на најповолен понудувач со архивски број 02-2959/6 од 29.04.2026 година, донесена во истата постапка, како и врз основа на доставената понуда на Носителот на набавката со број на оглас 05442/2026.

Предмет на овој договор е набавка на гориво за возила со безготовинско плаќање на бензински пумпи за потребите на Министерство за социјална политика, демографија и млади и единките корисници финансирани преку Буџетот на Министерството.

**Член 3**

Министерството за социјална политика, демографија и млади, како и следниве Центри за социјална работа и Јавни установи: ЈУ ЦСР Скопје, ЈУ Завод за социјални дејности Скопје, ЈУ ЦСР Дебар, ЈУ ЦСР Демир Хисар, ЈУ МЦСР Струмица, ЈУ ЦСР Куманово, ЈУ ЦСР Ресен, ЈУ ЦСР Велес, ЈУ ЦСР Охрид, ЈУ ЦСР

Берово, ЈУ ЦСР Штип, ЈУ ЦСР Валандово, ЈУ ЦСР Виница, ЈУ ЦСР Струга, ЈУ ЦСР Крива Паланка, ЈУ ЦСР Кичево, ЈУ ЦСР Гостивар, ЈУ ЦСР Крушево, ЈУ ЦСР Пробиштип, ЈУ ЦСР Радовиш, ЈУ ЦСР Тетово, ЈУ ЦСР Кратово, ЈУ ЦСР Неготино, ЈУ ЦСР Македонски Брод, ЈУ ЦСР Прилеп, ЈУ ЦСР Свети Николе, ЈУ ЦСР Битола, ЈУ ЦСР Гевгелија, ЈУ ЦСР Кавадарци, ЈУ ЦСР Делчево, ЈУ ЦСР Кочани, ЈУ Завод за рехабилитација на деца и млади, ЈУ Прифатен центар за баратели на азил Визбегово, ЈУ Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско Струмица, ЈУ Детски дом 11 Октомври Скопје, ЈУ за згрижување на деца со социјални проблеми Скопје, ЈУ Специјален завод Демир Капија, ЈУ Дом за доенчиња Битола; ќе го набавуваат предметот на набавка (горива) од Носителот на набавката сукцесивно, согласно потребите, преку картички за безготовинско плаќање. Министерството и сите наведени институции не се обврзуваат да ја набават целокупната планирана количина, туку ќе вршат набавка согласно потребите на секој поединечен корисник.

**Член 4**

Потребните количини на гориво за Министерството, Центрите за социјална работа и Јавните установи за период од 12 месеци се наведени во следната табела:

| Ред. Бр. | Опис | Единечна мерка | Максимални количини |
|---|---|---|---|
| 1 | Еуросупер БС-95 | литар | 20.200 |
| 2 | Еуродизел БС (Д-Е V) | литар | 64.500 |
| 3 | TNG-LPG (плин) | литар | 1.500 |

Количините се максимални, и Договорниот орган не е обврзан да ги набави сите максимални количини. Количините на потребното гориво ќе бидат во согласност со реалните потреби на Договорниот орган. Понуденото гориво треба да биде согласно Правилникот за квалитет на течни горива (Службен весник бр.88/07, 90/07, 105/07, 15/08, 78/08, 156/08, 81/09 и Св. весник на РСМ бр. 217/22 и бр. 220/22).

## III ВРЕМЕТРАЈАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Овој Договор е со важност од 12 месеци, сметано од денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

## IV ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 6**

Вредноста на договорот кој се склучува изнесува 6.585.630,00 денари без данокот на додадена вредност, односно 7.649.843,40 денари со вклучен ДДВ. Договорниот орган не е обврзан да ги искористи сите максимални количини и ќе врши набавка во зависност од реалните потреби, во рамките на утврдената максимална вредност.

**Член 7**

Цената на испорачаното гориво ќе се пресметува на следниов начин: За Еуросупер БС-95 и Еуродизел БС (Д-Е V), цената ќе се утврдува согласно важечките одлуки на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на РСМ за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати, намалена за данокот на додадена вредност. Основица за пресметка на цената на 1 литар гориво на

денот на испораката ќе биде највисоката малопродажна цена (1 група на цени) на соодветното гориво, утврдена со последната важечка Одлука на РКЕ, намалена за ДДВ. За TNG-LPG (автоплин), цената се утврдува согласно Ценовникот на Носителот на набавката, важечки на денот на полнење.

**Член 8**

Единечните цени на горивата на денот на јавното отворање на понудите изнесуваат:

| | Шифра | Име на продукт | Даден попуст/рабат во апсолутен износ (денари за еден литар) во однос на максималната малопродажна единечна цена на Регулаторната комисија | Мерна единица | Количина | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 09132100-4 | Еуросупер БС-95 | 0,00 | Литар | 20.200,00 | 75,00 | 1.515.000,00 | (10%) 151.500,00 | 1.666.500,00 |
| 2 | 09134200-9 | Еуродизел БС (Д-Е V) | 0,00 | Литар | 64.500,00 | 77,55 | 5.001.975,00 | (18%) 900.355,50 | 5.902.330,50 |
| 3 | 09133000-0 | TNG-LPG (плин) | 0,00 | Литар | 1.500,00 | 45,77 | 68.655,00 | (18%) 12.357,90 | 81.012,90 |
| | | | | | | **Вкупно** | **6.585.630,00 ден** | **1.064.213,40 ден** | **7.649.843,40 ден** |

Фиксниот попуст (рабат) од 0,00 ден. по литар за сите горива ќе биде непроменлив за целото времетрајање на договорот.

**Член 9**

Корекција на цените ќе се врши согласно Одлуката за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтени деривати и горива за транспорт утврдени согласно Методологијата донесена од страна на Регулаторната комисија за енергетика која е на сила на денот на испораката. За TNG-LPG (автоплин), корекцијата на цената ќе се врши согласно актуелниот Ценовник на Носителот на набавката, важечки на денот на полнење.

## V МЕСТО, РОК И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 10**

Носителот на набавката е должен да го изврши предметот на договорот на барање и по потреба на договорниот орган 24/7 на сите бензински станици со кои располага Носителот на набавка на територијата на РСМ, за период од 12 месеци или до целосно искористување на договорената вредност предвидена за оваа набавка.

Набавката на течните горива е со користење на картички за безготовинско плаќање.

**Член 11**

Безготовинските картички за гориво што Носителот на набавката ги издава на Договорниот орган може да се употребуваат од овластените корисници на возилата на сите бензински станици на Носителот на набавката, само за купување на гориво. Носителот на набавката е должен да обезбеди:

- издавање на безготовински картички по писмено барање/нарачка на Договорниот орган за моторните возила;
- можност за утврдување финансиски лимити по картичка;
- месечни извештаи/спецификации за реализираните набавки со наведени место, вид и количина на горивото и регистарска ознака на возилото;
- можност за блокирање на картички во случај на губење или злоупотреба.

**Член 12**

При плаќањето со безготовинска картичка за гориво носителот на набавката му издава на корисникот на возилото сметка во два примерока, од кои едниот примерок е за корисникот на картичката и еден примерок за продавачот на Носителот на набавката. Корисникот на картичката е должен сметката за купеното гориво да ја провери на самото продажно место и да ја потпише.

## VI НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 13**

Се предвидува следниов начин на плаќање – вирмански во рок од 30 дена од денот на издавање на фактурата.

**Член 14**

За сите реализирани набавки на гориво во текот на месецот, одделно за секој ЦСР, ЈУ и Министерството, Носителот на набавката е должен до одговорното лице за следење на реализација на договорот да доставува месечна спецификација (извештај). Во спецификацијата треба да бидат наведени: местото на испорака, видот и количината на купеното гориво, како и регистарската ознака на возилото.

## VII ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 15**

Носителот на набавка е обврзан да овозможи извршување на предметот на договорот на сите бензински станици со кои располага на територијата на РСМ, 24/7 за период од 12 месеци или до целосно искористување на договорената вредност.

**Член 16**

Носителот на набавката се обврзува безготовинските картички за гориво да ги издава на писмено барање/нарачка на Договорниот орган.

**Член 17**

За сите реализирани набавки на гориво во текот на месецот, Носителот на набавката е должен до одговорното лице за следење на реализација на договорот да доставува месечна спецификација (извештај). Во спецификацијата треба да бидат наведени: број на безготовинска картичка, местото на испорака на гориво, видот и количината на купеното гориво, како и регистарската ознака на возилото.

## VIII ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 18**

Договорниот орган преку безготовинските картички за гориво може во сите продажни места на Носителот на набавката да купува горива без да плаќа во готово.

**Член 19**

Договорниот орган се обврзува во рок од 30 дена од датумот на издавање на фактура да изврши плаќање на Носителот на набавката.

**Член 20**

Лице задолжено за реализација на договорот кај Договорниот орган е Тансел Османи или друго лице овластено од Министер.

## IX ВИША СИЛА

**Член 21**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое што би дошло заради „Виша сила". Вишата сила значи исклучителен настан или околност надвор од контрола на страните, против кој ниедна од страните не можела да преземе мерки (војна, тероризам, природни катастрофи, пандемија и сл.). Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила, должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна.

## X ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член 22**

За се што не е регулирано со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.

## XI УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 23**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата. Договорот не може да се раскине поради неисполнување на незначителен дел од обврската.

## XII РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 24**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање; во спротивно, надлежен за решавање на сите евентуални спорови е Граѓанскиот суд Скопје, Скопје.

**XIII ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Член 25**

Договорот за јавна набавка во текот на неговата важност може да се дополни и/или измени само врз основа на член 119 од Законот за јавни набавки. Дополувањата и измените се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 26**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 27**

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

| | |
|---|---|
| **Договорен орган** | **Носител на набавката** |
| **Министер** | **Директор на дирекцијата за големопродажба** |
| **Fatmir Limani** | **Зоран Доневски** |

Изработил: Теодора Васиќ Петровска, Советник
Согласен: Љубица Панова, Раководител на сектор
Одобрил: Fatmir Sabriu, Државен секретар